# АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ВТОРА ЕВАЛУАЦИЈА

## КАКО ДЕЛ ОД РЕДОВНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА „ВЕЛО УЧИЛИШТА“

2019/20год.

ДОБИЕНИ ОД 52 ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД 23 ОПШТИНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

**Програма:** Вело Училишта

**Издавач:** Здружение на Граѓани Еко Логик

Ул.Бранислав Нушиќ бр. 13-1/17, 1000 Скопје

**Е-пошта:** ecologic.mk@gmail.com
veloschools.ecologic@gmail.com

**Веб страни:**
www.ecologic.mk
www.veloschools.mk

**Социјални медиуми:**
https://www.facebook.com/EcoLogic.mk/
https://www.facebook.com/veloschools/

**Тел:** + 389 78 365 902
+ 389 2 5112 716

За издавачот: Никола Нешкоски
**Автор: Весна Павлова**
**Автор на концепт: Никола Нешкоски**
**Дизајн: Александар Тодов**
**Лектура: Марија Нешкоска**

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта", која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик
и финансиски поддржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

# Содржина:

1. Вовед ____ 5
2. За Еко Логик ____ 6
3. Кусо инфо за програмата ____ 7
- Цел ____ 8
- Очекувани резултати ____ 8
- Активни членки ____ 9

4. Анализа ____ 10 - 13
5. Инфо графикони ____ 14 - 17
6. Резиме ____ 18 - 19

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта", која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик
и финансиски поддржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

# Вовед:

Во текот на учебната 2019/2020 година, а во рамки на програмата Вело Училишта, како дел од редовните активности кои ги спроведуваат основните училишта кои се членки на Вело мрежата, беше и спроведувањето на Втора евалуација.

Темите кои ги опфаќа втората евалуација се:

1. Проценка на капацитет на училиштата во спроведување на велосипедски активности и
2. Проценка на инфраструктурата во и околу училиштата, и проценка на безбедноста на сообраќајот во близина на училиштата

Оваа анализа е направена врз основа на податоците добиени од:

- 69 одговорени прашалници
- 52 училишта
- 90 наставници
- 23 општини

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта", која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик
и финансиски подржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

# За Еко Логик:

Здружението на Граѓани Еко Логик е непрофитна организација која е посветена на заштита и зачувување на животната средина, промоција на современи еколошки практики, како и следење и промовирање на принципот на одржлив развој. Организацијата ги охрабрува и поддржува позитивните промени во животната средина во форма на:

- Промоција на екологијата како наука
- Промоција на концептот за почисто производство
- Надградба на еколошкото образование
- Промоција на принципот за одржлив развој
- Создавање на нови „зелени" работни места
- Можност за обука и вклучување на сите заинтересирани граѓани во проекти од областа на екологијата
- Развој и тестирање на иновативни методологии и игри за предавање и учење на теми поврзани со: велосипедизам, одржлив развој, европски вредности, еколошка свест и многу други.
- Имплементирање на различни кампањи поврзани со велосипедизам, заштита на животната средина, одржлив развој итн.

Еко Логик има силна позадина и искуство во работата со деца, млади и возрасни, нагласувајќи ги неформалните активности во образованието на различни теми. Организацијата остварува интензивна и силна комуникација, соработка и континуирани активности со повеќе од 116 основни, и 30 средни училишта низ целата земја, како и со повеќе од 10 основни училишта низ цела Европа.

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта", која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик и финансиски подржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

# Кусо инфо за програмата:

Програмата „Вело Училишта" е креирана од страна на Здружение на Граѓани Еко Логик, поддржана од Швајцарската агениција за развој и соработка, започна со имплементација во Септември 2018 година. Преку реализација на предвидените активности, целта е да се унапреди знаењето за темите: велосипедизам, одржлив транспорт и безбедност во сообраќајот кај децата, родителите, наставниците и пошироката јавност. После само неколку месеци од реализацијата на своите активности „Вело Училишта" е препознаена од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието со своите позитивни препораки за имплементирање на самиот проект во наредните 5 години, со можност за продолжување.

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта", која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик
и финансиски подржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

# Цел:

Програмата има за цел да развие Вело мрежа на акредитирани основни училишта низ цела Македонија, кои ќе работат самостојно и како заедница посветени на следење и проценка на активностите, како и споделување на нивните искуства меѓу врсниците.



# Очекувани резултати:

Зголемена свест на учениците, родителите, наставниците и пошироката јавност од училиштата кои се членки на Вело мрежата од повеќе општини ширум државата, за придобивките од користењето на велосипедите како алтернатива за секојдневните транспортни средства, но исто така и знаење за потребите во поглед на патната инфраструктура и безбедноста.

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта", која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик
и финансиски подржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

# Активни членки:




Во текот на спроведувањето на евалуацијата, Вело мрежата броеше 92 активни членки (основни училишта заедно со нивните подрачни) од 21 општина ширум државата, меѓу кои: Центар, Карпош, Илинден, Гази Баба, Куманово, Кочани, Св.Николе, Чашка, Чешиново-облешево, Делчево, Пехчево, Неготино, Лозово, Јегуновце, Гевгелија, Демир Капија, Зрновци, Виница, Радовиш, Велес, Битола кои безрезервно го промовираат велосипедизмот помеѓу своите ученици, наставници, родители и пошироката јавност. Бројот на Вело мрежата секојдневно се зголемува, а тоа е показател дека интересот е се поголем, на основни училишта кои имаат желба да допринесат во зголемување на свеста меѓу своите ученици, родители, како и пошироката јавност за користење на велосипедот како превозно или рекреативно средство, а преку тоа индиректно да влијаат во зачувување на животната средина.

Учебната 2019/2020 година ја заокружуваме со 116 основни училишта од 24 општини како активни членки на Вело мрежата.

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта", која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик
и финансиски поддржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

# Анализа:

Како дел од редовните активностите кои вело членките ги имплементираат во своите училишта заедно со учениците е и **Евалуација 2** која ги обработува следните теми во два дела:

1. Проценка на капацитет на училиштата во спроведување на велосипедски активности и,
2. Проценка на инфраструктурата во и околу училиштата како и проценка на безбедноста во сообраќајот во близина на училиштата.

**Првиот дел** се однесува на активности поврзани со Еко Логик како организација имплементатор на програмата „Вело Училишта“, како и проценка на капацитет на училиштата во спроведување на велосипедски активности (во и надвор од училница), велосипедски секции, одржлив транспорт, аерозагадување и климатски промени.

**Вториот дел** се однесува на потребни информации за и подобрување на самата инфраструктура во и околу училиштата, како и безбедноста во сообраќајот во близина на училиштата кои ќе бидат главни теми на дискусија во периодот што следува, со претставници од сите општини низ државата.

**Во оваа Втора Евалуација, податоците што се анализираат се од вкупно 69 одговорени прашалници, од 52 училишта, кои се наоѓаат во 23 општини во државата. Вкупно 90 наставници биле вклучени во одговарање на прашалникот.**

Од добиените резултати на ниво на државата, можеме да заклучиме дека темата велосипедизам, како и интересот на учениците за истата и нивното активно учество во велосипедските активности е особено изразен, односно во 64% од вкупниот број на училишта кои се земени во оваа анализа. Додека во останатите училишта, односно

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта“, која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик
и финансиски поддржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

во останатите **34%**, темата велосипедизам е сеуште на ниво на кое е потребно интензивно да се работи и промовира со цел да биде повеќе застапена.

**72%** од наставниците вклучени во оваа анализа споделија дека досега немале учество на работилници поврзани со темата велосипедизам, меѓутоа имаат желба да земат активно учество, а дел од нивните идеи за теми на кои би сакале да го зголемат своето искуство се следниве:

- возење велосипед во природа предности на возењето велосипед и зголемување на интересот/ свеста/ мотивацијата кај учениците за возење
- велосипед безбедност во сообраќајот/безбедно возење на велосипед/безбедно учество на децата
- велосипедисти во сообраќајот
- креирање на велосипедски патеки
- одржување на сопствениот велосипед
- еко придобивки од возењето на велосипед
- велосипедски натпревар

Останатите **28%** дадоа позитивен фидбек, односно дека досега имаат учествувано на работилници за велосипедзам.

Од добиените резултати можеме да утврдиме дека активностите на темата велосипедизам подеднакво се имлементираат во рамките на редовните часови во наставата, но и како вонннаставни активности. Часовите кои се посветуваат на темата се движат од **1** час до **18** часа во рамките на едно полугодие. Она што го поздравуваме е дека во едно од училиштата има оформено вело секција, а во дури шест од училиштата кои се вклучени во оваа анализа е оформена сообраќајна секција, кои придонесуваат за активно возење и користење на велосипедот помеѓу учениците. Исто така можеме да заклучиме дека бројот на часовите кои се посветени на велосипедизмот е значително мал, и дека истиот е повеќе од потребно да се зголеми со цел зголемување на свесноста на учениците,

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта", која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик
и финансиски подржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

наставниците, родителите и пошироката јавност за огромните придобивки од користењето на велосипедот како алтернативно превозно средство во нивното секојдневие.

64% од наставниците одговорија дека со задоволство би воделе официјална вело секција која би се одржувала надвор од редовните активности во училиштето, но исто така дека им се потребни и конкретни ресурси за истата кои би сакале да ги добијат од страна на Еко Логик како организација. Сепак постојат и наставници кои не би го прифатиле тој предизвик, тоа се останатите 28%, или би го прифатиле доколку имаат финансиски надоместок - 8% Наставниците кои одговорија дека би воделе вело секција, со нас ги споделија и дел од темите кои имаат желба да се обработуваат во рамките на истата:

- велосипедски натпревар
- специјално подготвен полигон
- монтирање и демонтирање на деловите на велосипедот
- вело родео на ниво на училиште/ општина/ држава
- сообраќајни тестови наменети за конкретна возраст на учениците
- возење велосипед со препреки

57% од наставниците и училиштата вклучени во спроведувањето на втората евалуација, го дадоа својот позитивен фидбек за доставените материјали и вело активности од страна на Еко Логик, како и за настанот ВЕЛО РОДЕО, кој со нетрпение и особено задоволство го очекуваат во нивното училиште или град. Додека останатите 43%, во моментот на спроведување на евалуацијата, сеуште немаа искуство со имплементирање на вело активностите, или пак присуство на настанот ВЕЛО РОДЕО. Позитивниот фидбек, но и насоките и идеите за подобрување од страна на наставниците, е тоа што тимот на ВЕЛО УЧИЛИШТА го мотивира за постојано унапредување на своите активности, внесување на нови и креативни практики и методи во учењето, како и се поголемо промовирање на темата

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта", која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик
и финансиски поддржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

велосипедизам помеѓу учениците, наставниците, родителите и пошироката јавност.

Добиените резултати укажуваат на тоа дека во **67%** од општините вклучени во оваа анализа, не постојат или не се слободни за користење, пешачки, а уште помалку и велосипедски патеки. Тротоарите исто така не се доволно широки (минималната препорачана ширина е 2,00 метри според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање), ниту безбедни за користење. Меѓутоа останатите **33%** од општините, навистина се потрудиле и го обезбедиле просоторот до и околу основните училишта под нивна надлежност.

Исто, возењето на автомобилите најчесто е со недозволива брзина, а како главен причинител на кој укажаа дури **88%** од наставниците за истото е несовесното возење, големата и несоодветна брзина со која се вози, како и непочитувањето на содветните сообраќајни знаци. И покрај тоа што **12%** е значително помал процент, сепак постојат општини, каде во близина на училиштата максимално се почитуваат сообраќајните правила и прописи.

Во повеќе од **60%** од општините постојат т.н. средства за смирување на сообраќајот околу училиштата, но непостоењето на велосипедски паркинзи во и околу училиштата или истите се во недоволен број, нивната нефукционалност како и неисполнувањата на ветувањата од страна на локалните власти се само дел од причините поради кои велосипедизмот е тема која сеуште е потребно да се промовира помеѓу учениците, наставниците, родителите и пошироката јавност.

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта", која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик
и финансиски подржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

## Број на Вело членки во моментот на спроведување на евалуацијата







## Број на Вело членки на крај на учебната 2019/2020 година







## Велосипедизам

- Активно учество
- Треба да се работи уште и да се промовира темата

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта", која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик и финансиски поддржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

## Вело секција




- Наставници кои би воделе вело секција
- Настаници кои не би воделе вело секција
- Наставници кои би воделе вело секција доколку имаат финансиски средства

## Вело патеки




- Општини во кои нема користење на вело патеки




## Работилници и активности на тема велосипедизам

- Наставиници кои би сакале да учествуваат во работилниците на оваа тема

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта", која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик и финансиски подржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

## Несовесно возење

## Средства за смирување на сообраќајот







Наставници кои се согласија за несовесното возење во општините - 88%

- Средства за смирување на сообраќајот околу училиштата

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта", која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик и финансиски поддржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

# ПОДАТОЦИ ОД ВТОРА ЕВАЛУАЦИЈА

2019/20

КАКО ДЕЛ ОД РЕДОВНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА „ВЕЛО УЧИЛИШТА“

## ПРОЦЕНКА НА КАПАЦИТЕТ НА УЧИЛИШТАТА ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДСКИ АКТИВНОСТИ

Во моментот на спроведување:

**116** Активни членки

**24** Општина

**72%** Наставници кои би сакале да учествуваат во работилниците на оваа тема

**64%** од наставниците би воделе официјална вело секција

**88%** Од наставниците се согласија за несовесното возење на автомобилите

## ПРОЦЕНКА НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ВО И ОКОЛУ УЧИЛИШТАТА КАКО И ПРОЦЕНКА НА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ ВО БЛИЗИНА НА УЧИЛИШТАТА

64% активно учество

34% треба да се работи уште и да се промовира темата




**Општини** во кои нема користење на вело патеки




Средства за смирување на сообраќајот околу училишта

*добиени од 52 основни училишта, од 23 општини од Република Македонија

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

# Резиме:

Темата велосипедизам е се поактуелна во нашата држава, како и користењето на велосипедот како превозно средство во основните  училишта, меѓутоа треба дополнително да се работи на поголема застапеност како и на поголема информираност. Односно, конкретни активности на тема велосипедизам веќе се реализираат, и учениците заедно со своите наставници се се повеќе заинтересирани и покрај тоа што условите во целата држава за користење на велосипедот како превозно средство до училиште се сеуште минимални.

Кога станува збор за информираноста на анкетираните во насока на реализираните активности на „Вело Училишта", најголем дел од нив одговорија дека се запознаени и го дадоа својот позитивен фидбек за истите. Со тоа  само по себе се забележува дека „Вело Училишта" е на добар пат до поголемо доближување на темата велосипедизам до учениците, наставниците, родителите и пошироката јавност. Сепак и покрај исполнување на зададената визија, потребно е дополнително да се работи, како на промоција, така и на остварување на заеднички активности.

Повеќе од половина од анкетираните одговорија дека со задоволство би воделе вело секција преку која безрезервно ќе ја промовираат темата велосипедизам помеѓу своите ученици и нивните родители, доколку добијат соодветни дидактички материјали и ресурси за истото.

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта", која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик
и финансиски подржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК
Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

Меѓутоа во 67% од општините вклучени во оваа анализа не постојат или не се слободни за користење, на пример пешачки, а уште помалку и велосипедски патеки. Дека возењето на автомобилите најчесто е со недозволива брзина, а како главен причинител на кој укажаа 88% од анкетираните за истото, е несовесното возење, несоодветната брзина, како и непочитувањето на содветните сообраќајни знаци и покрај тоа што во повеќе од  60% од општините постојат т.н. средства за смирување на сообраќајот околу училиштата. Непостоењето на велосипедски паркинзи во и околу училиштата или истите се во недоволен број, нивната нефукционалност како и неисполнувањата на ветувањата од страна на локалните власти, се само дел од причините поради кои велосипедизмот  е сеуште на едно маргинализирано ниво во нашата држава.

Оваа активност е реализирана во рамки на програмата „Вело училишта", која е имплементирана од Здружение на Граѓани - Еко Логик
и финансиски подржана од Швајцарска Агенција за развој и соработка.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk